**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

УП I бр. 25-56
12 -05- 2015 .05. 2015 година
Скопје

Министерот за економија врз основа на член 56 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13 и 138/14) постапувајќи по барањето поднесено од ДППУ ВИА-КОМЕРЦ Џемаљ ДООЕЛ експорт-импорт с.Крушопек-Сарај и Предлогот за овластување за техничка служба доставен од органот за одобрување со УП I бр.25-56 од 05.05.2015 година, донесе:

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА

1. **СЕ ОВЛАСТУВА** ДППУ ВИА-КОМЕРЦ Џемаљ ДООЕЛ експорт-импорт с.Крушопек-Сарај, во инспекциското место, с.Крушопек-Сарај, за вршење на стручни работи во постапка на:

а) Единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O, T и R, согласно член 2 став 1 од Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија" бр.16/10, 62/10, 105/10, 13/11, 39/11, 169/11, 185/11, 84/12, 132/12, 153/12, 59/13, 138/13, 29/14, 35/14, 119/14 и 168/14);

б) Одобрување на преправено возило од категориите M и N, во кое:

- променет е матично, односно претходно вградениот погонски мотор со мотор од друг вид или тип, или со мотор кој има други карактеристики согласно член 6 точка 10 од Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила („Службен весник на Република Македонија" бр.7/10);

- дополнително е вграден уред за погон на возилото на компримиран или течен гас, согласно член 7 точка 1 од Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила;

- дополнително е вграден уред за спојување на влечното и приклучното возило (приклучен уред), согласно член 7 точка 4 од Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила; и

- дополнително се вградени заштитни фолии или обеено стакло како заштита од сонце, согласно член 7 точка 13 од Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила;

2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Органот за одобрување врз основа на барањето од ДППУ ВИА-КОМЕРЦ Џемаљ ДООЕЛ експорт-импорт с.Крушопек-Сарај, до Министерството за економија достави Предлог за овластување за техничка служба со УП I бр.25-56 од 05.05.2014 година, како и барање за овластување со целокупната документација за инспекциското место с.Крушопек-Сарај, за вршење на постапките за:

а) Единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O, T и R, согласно член 2 став 1 од Правилникот за единечно одобрување на возило и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици,

опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата („Службен весник на Република Македонија“ бр.21/10);

б) Одобрување на преправено возило од категориите M и N, согласно член 6 точка 10 и член 7 точка 1, 4 и 13 од Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата.

Со барањето се поднесени следните документи:
- Доказ за упис во Централен регистар на Република Македонија, Тековна состојба бр.30120150005978;
- Доказ за вработен стручен кадар и докази за стручна подготовка, копии од обрасци М1/М2 за вработениот стручен кадар во редовен работен однос кај правното лице: Дипл. маш. инж. Никоски Зоран и Дипл. маш. инж. Трифуновски Игор, Дипл. маш. инж. Стојанов Стојче;
- Доказ за сопственост - Имотен лист број 3511 Препис, сопственик ДППУ ВИА-КОМЕРЦ Џемаљ ДООЕЛ експорт-импорт с.Крушопек-Сарај;
- Доказ за техничка опременост, Список на опрема бр.0504/6 од 11.05.2015 година;
- Доказ за осигурување од професионална одговорност, Полиса бр.800005740 со важност до 30.09.2015 година;
- Потврда за бонитет за субјектот ДППУ ВИА-КОМЕРЦ Џемаљ ДООЕЛ експорт-импорт с.Крушопек-Сарај издадена од Прокредит Банка А.Д.Скопје од 15.04.2015 год.;
- Сертификат за акредитација со број ИТ-086 од 21.01.2015 година и неговиот Прилог кон Сертификатот за акредитација од 21.01.2015 година издаден од страна на Институтот за Акредитација на Република Македонија и истиот е заверен на нотар;

Министерството за економија, постапувајќи по поднесеното барање изврши увид во доставената документација и одредбите од Законот за возила, Правилникот за единечно одобрување на возило, Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата, утврди дека барањето е основано.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 56 став (1) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, ... , 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение незадоволната странка може да поведе управен спор пред Управен суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

МИНИСТЕР,
Bekim Neziri

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
СКОПЈЕ